РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 12-517/4
07.11.2023 год.
Валандово



Градоначалникот на Општина Валандово, врз основа на член 27 став 6 и член 50 став 8 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ број 32/20 и 111/23), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) член 36 став 1 алинеја 9 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на стручна комисија**
**за спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета**

1. **СЕ ФОРМИРА** Комисија за спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета за Нацрт- Детален урбанистички план (ДУП) за Урбан Блок 1.4 , дел од УЕ 1 во Валандово со технички број006-0802/2023 од Септември 2023 година изработен од Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 ДООЕЛ Струмица во следниот состав:

- Ѓоко Аврамски **-** Раководител на одделение за урбанизам, комунални дејности,заштита на животната средина и локален економски развој во Општина Валандово;
- Соња Маџирова – стручен работник од областа на урбанистичкото планирање и архитектура со овластување за изработување на урбанистички планови бр.0.0411 и
- Томе Тимов – преставник на Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 ДООЕЛ Струмица.

2. Се задолжува стручната комисија да изработи Извештај за спроведената Јавна презентација и Јавна анкета со образложение за прифатените и не прифатените забелешки за планот.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Во текот на постапка за донесување на Нацрт- Детален урбанистички план (ДУП) за Урбан Блок 1.4 , дел од УЕ 1 во Валандово со технички број006-0802/2023 од Септември 2023 година изработен од Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 ДООЕЛ Струмица, а имајќи ги во предвид одредбите од од Законот за урбанистичко планирање, се формира комисија задолжена за спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета и изработка на Извештај за јавна анкета во согласност со бројот и сложеноста на пристигнатите забелешки и не може да биде покус од пет дена и подолг од 60 дена.

Согласно член 50 став 8 од Законот за урбанистичко планирање, Стручната комисија е составена од три члена и тоа еден член - носител на овластување за изработување наурбанистички планови какопретставник на изработувачот на планот,еден претставник надонесувачот напланот - лице вработено во општинската администрација, а кое е стручно одобласта на урбанистичко планирање и архитектурата и еден стручен работник одобласта наурбанистичкото планирање и архитектурата со овластување заизработување наурбанистички планови што не е вработен во единицатаналокална самоуправа.

Врз основа на горенаведеното а имајќи ја во предвид потребата од спроведување напостапката за донесување на Детален урбанистички план, како и одредбите од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал:И.Матеев
Одобрил: Ѓ.Аврамски

Pero Kostadinov
Digitally signed by Pero Kostadinov
Date: 2023.11.07 13:44:31 +01'00'

Gjoko Avramski
Digitally signed by Gjoko Avramski
Date: 2023.11.07 13:44:44 +01'00'